СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП/UP1-15-2282/2024
Дата/Data: 13-12-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за Услови за планирање на просторот

1 Со ова Решение на Министерството за транспорт се издава Измена на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци.

Површината на планскиот опфат изнесува околу 6 ha.

Планираниот опфат се граничи со траси за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на експресен пат “А1” од населба Градско до влезот на град Прилеп, со тех.бр.У04413.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## A K T V E N D I M
### për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim Ministrisë për transport i jepen Ndryshim i Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e një stacioni karburanti me objekte shoqëruese dhe shërbime në drejtimin rrugor (rruga ekspres) A1: Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit.

Sipërfaqja hapësirore e planifikuar është rreth 6 ha.

Sipërfaqja e planifikuar kufizohet me trasenë për të cilën janë lëshuar Kushtet për Planifikimin e Hapësirës për Projektin e Infrastrukturës për ndërtimin e rrugës ekspres "A1" nga vendbanimi Gradsko deri te hyrja e qytetit të Prilepit, me nr. tekn. U04413.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Planifikim Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urbanistik.
Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y30824i се составен дел на Решението.

3. Измената на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 И 171/24).

6. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Раец има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитети.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U30824i janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Ndryshim i Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e një stacioni karburanti me objekte shoqëruese dhe shërbime në drejtimin rrugor (rruga ekspres) A1: Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht organizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa klasifikuese prej I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, dhe 171/24).

6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore në dhe harta Arkeologjike e Republikës se Maqedonisë, në teritorin e komunës kadastrale Raec janë evidentuar monoment i palëvizshëm kulturore dhe lokalitet arkeologjik.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор Измена на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

8. Се укинува Решението за Услови за планирање на простоирот со намена за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти на магистрален пат А1: Прилеп-Градско, Општина Кавадарци под бр. УП1-15 1671/20024 од 06.09.2024 година и Елаборатот со тех. бр. У30824, кој е составен дел на Решението, (заради исправка на техничка грешка наместо магистрален пат треба да стои експресен пат).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 66494 од 20.11.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Измена на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци.

7. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në fjalë Ndryshim i Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e trasesë rrugore (rruga ekspres A1): Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

8. 8. Anulohet Aktvendimi për Kushtet e Planifikimit të Hapësirës me destinacion për ndërtimin e një stacioni karburanti me objekte shoqëruese dhe shërbime në rrugën nacionale A1: Prilep-Gradsko, Komuna e Kavadarcit, me nr. UP1-15 1671/20024, datë 06.09.2024, dhe Elaborati me nr. teknike U30824, i cili është pjesë përbërëse e Vendimit, (për shkak të korrigjimit të një gabimi teknik ku në vend të 'rruga nacionale' duhet të qëndrojë 'rruga ekspres').

## ARSYETIM

Ministria për transport, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), ka paraqitur kërkesë përmes e -urbanizmit, me numër të procedurës UPP 66494 nga 20.11.2024, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e Ndryshim i Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e një stacioni karburanti me objekte shoqëruese dhe shërbime në drejtimin rrugor (rruga ekspres) A1: Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи Измената на Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2282/2024 од 12.12.2024 година.

Измената на Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на патен правец (експресен пат) А1: Прилеп-Градско, КО Раец, Општина Кавадарци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Ndryshimin e Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e trasesë rrugore (rruga ekspres) A1: Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. UP1-15 2282/2024 nga 12.12.2024.

Ndryshim i Kushteve për Planifikimin e Hapësirës për ndërtimin e një stacioni karburanti me objekte shoqëruese dhe shërbime në drejtimin rrugor (rruga ekspres) A1: Prilep-Gradsko, KK Raec, Komuna e Kavadarcit, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqës njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori
Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk